Врз основа на член 65, став (6) и член 66 од Законот за животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Сл. Весник на РСМ бр. 89/22), Министерство за транспорт и врски, на ден 06.10.2022 година, донесе

**Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, општина Богданци, општина Гевгелија, општина Демир Капија и општина Неготино, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 и член 66 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk.

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65, став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за интерконективен гасовод Република Северна Македонија-Грција, општина Богданци, општина Гевгелија, општина Демир Капија и општина Неготино, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постоечките постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отварање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина. Не се очекуваат значителни влијанија врз животната средина на со изградбата и работењето на овој проект во нашата земја.

4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 68-3863/12
Датум: 06.10.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски